**Забелешки на План 18 со препораки и предлог мерки за унапредување на родовата еднаквост**

**Јуни, 2018**

Во врска со процесот на подготовка на Планот 18 , Платформата за родова еднаквост, Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска – Скопје и Коалицијата Маргини

1. **Општи забелешки на процесот и методологијата на подготовка на Планот 18**

Процесот на подготовка не соодветствува на критериумите за транспарентно, ефикасно и ефективно планирање на ваков тип документи. Го сметаме за неприфатливо исклучувањето на организациите од областа на родовата еднаквост од процесот кој не е подготвен, ниту воден на начин кој обезбедува навремен, информиран и квалитетен придонес на овие организации во дефинирањето на приоритетите и мерките поврзани со клучните реформски процеси, вклучувајќи ги и оние поврзани со ЕУ интеграциите.

Имено, презентацијата на неговата содржина од страна на заменик -премиерот Бујар Османи на 8 јуни 2018 не е , ниту може да се смета за отворен и транспарентен консултативен процес за планирачки документ кој е споделен од страна на СЕП со ограничен број организации на 5 јуни 2018 како „нецелосна, неформална , работна верзија„ веќе преставен во Брисел на 06. Јуни 2018, со намера за негово усвојување на седница на Владата на 12 јуни 2018.

Во оваа смисла, би сакале да посочиме на 2 стандардни пристапи на вклучувањето на граѓански или експертски организации од областа на родовата еднаквост во процесите на креирање политики: а) Низ директно учество на селектирани учесници во работна група, врз основа на претходни критериуми за докажана експертиза во областа за која се вклучуваат и со јасни инструкции за очекувањата и работните задачи; и б) консултации врз основа на елабориран и аргументиран нацрт на предлог низ јавни средби и/или пишан придонес. Ниту еден од овие два пристапи не е применет во целост во процесот на подготовка на Планот.

2. **Општи забелешки на структурата и содржината Планот 18**

Постои голема неконзистентност на мерките кои не се организирани според комплексноста и контекстот, постои значителна разлика во дескрипцијата на одделни мерки, односно од

описот на некои од мерките не е јасна намерата [1]. Дополнително постои голема недоследност / значителни разлики во нивото на амбиции на мерките во некои од областите. Дел од нив во основа претставуваат редовна активност и не е јасно како истите се дел од реформите[2]. Динамиката на реализација на некои од мерките не е усогласена со предвидената имплементација во одделни акциски планови[3], планот содржи мерки кои се веќе спроведени[4], а исто така и мерки предвидени со планови кои сеуште се во фаза на консултации и можат да претрпат измени[5].

Во предвидените институции учесници, во најголем дел од мерките отсуствуваат граѓанските организации, освен во една[6], додека за дел од мерките воопшто не се предвидува вклучување на други институции[7] .

Исто така,  отсуствуваат информации за роковите и статусот на реализација на мерките.

Заради ова предлагаме:

- Отстранување на веќе реализираните мерки како и оние кои се дел од редовните задолженија на институциите
- Дополнување на сите мерки на начин кој упатува на насоките на законските измени, начинот на реализација на  истите
- Организирање на мерките во секоја од областите и тоа:

А) Нормативни мерки (закони и подзаконски акти и други механизми на задолжителност),

Б) Мерки поврзани со организациски капацитети (структури/тела, механизми за обезбедување функционални процеси на внатрешна меѓу-ресорска координација, планирање /известување/локација на одговорност)

В)  Транспарентност, инклузивност и отчет

- Вклучување на Советот за соработка и ИРГЕМЖМ како учесници во спроведувањето на мерките кои ги засегаат остварувањето на правата на жените и родовата еднаквост

---

[1] На пр. 1.1.12 и 2.1.1. Втората мерка упатува на тоа во која насока ќе се менува Законот за кривична постапка. Исто така не е јасно во која насока ќе се менува Кривичниот Законик

[2] На пример подготовка на извештаи за следење на имплементација на стратегии/планови, извештаи за именувани лица на раководни позиции, вклучувајќи УО и надзорни одбори, имплементација на план и сл. Види и 5.1.30

[3] Измените во Законот за пристап до информации од јавен карактер во Предлог акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на РМ за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 се предвидени во 2020 година

[4] На пр. Мерката 8.1.2

[5] На пр. Мерката 8.1.7

[6] Мерка 8.17

[7] На пример 5.1.27 или 7.1.1

- Усогласување на Планот 18 со мерките предвидени во клучните планови и динамиката на нивна реализација од за спречување на дискриминацијата и унапредување на родовата еднаквост

**3. Забелешки на родовата перспектива во Планот 18**

Во содржината на Планот е забележливо комплетно отсуство на мерки кои се клучни за остварување на фундаменталните права на жените и родовата еднаквост содржани во акциските планови за унапредување на родовата еднаквост, а кои се поврзани со повеќето клучни области на Планот: Собрание, Именувања, PJA и добро управување, Фундаментални права и медиуми, Граѓанско општество, Избори.

Во секоја од нив, предлагаме вклучување на следниве приоритетни мерки:

## Собрание

- Зајакнување на капацитетите за следење и надзор над спроведувањето на обврските во надлежност на извршната власт од ЗЕМЖМ, Стратегијата за родова еднаквост и други релевантни политики во кои се предвидени мерки за унапредување на родовата еднаквост, низ воспоставување експертски работни групи со учество на организациите од областа на родовата еднаквост и воведување предвидливи задолжителни механизми и рокови внесени во Собранискиот календар[8]
- Воведување деловничка одредба за задолжително организирање на годишна тематска надзорна расправа за напредокот во остварувањето на резултатите од спроведувањето на стратешки планови кои Собранието на РМ ги усвојува со обврска да го следи спроведувањето согласно закон.

Предложените мерки се во функција на остварување на препораките на ЕК за понатамошно унапредување на политичката дебата, контролата и рамнотежата на извршната власт, вклучително и следењето на буџетското влијание на владините предлози, како и капацитетот за следење на состојбата со заштитата на човековите права на жените и родовата еднаквост

## Именувања

- Воведување задолжителен критериум за паритетна полова застапеност на сите именувани позиции на сите нивоа во согласност со ЗЕМЖМ [9]

[8] Види мерка 3.1.4
[9] Види Член 10, став 1, 4 и 5, Закон за еднакви можности на жените и мажите, Бр.201 од 16.11.2015

Предложената мерка е поврзана со ниската процентуална застапеност на жените во назначените функции и одлучувачките, раководните, и управните тела нотирани во Извештајот на ЕК

## Реформа на јавната администрација и добро управување

- Дополнување на постоечката законска и подзаконска регулатива и инструментите за стратешко планирање, со воведување обврска за централна координација и усогласување на политиките на министерствата, применета секторска родова анализа, специфицирање на цели и мерки кои се во функција на зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост, родово специфицирани влезни, процесни, излезни и индикатори на влијание.
- Ревидирање на фискалната регулатива и инструменти заради обезбедување систем за отчет на сите буџетски корисници во дефинирање и следење на програмски показатели за постигнувањата и резултатите од користењето на буџетските средства заради унапредување на родовата еднаквост
- Воспоставување на механизам за задолжителна проценка на влијанието на политиките и мерките (легислативни и други) врз различни категории мажи и жени и родовата еднаквост (Ex ante I Ex post).
- Воспоставување задолжителна ревизија (ДРЗ) на планираните исходи од реализираните финансии во рамки на секторските политики, вклучувајќи и од родова перспектива
- Ревизија на систематизации и пропишување обврска за gender mainstreaming за сите административци вклучени во планирањето, буџетирањето и известувањето за резултатите од плановите на Владата и ОДУ соодветно
- Развој на стандардни процедури за внатрешна координација и отчет во годишното планирање, спроведување и оценка на исходите од годишните програми и буџет врз различните категории мажи и жени
- Развивање на листа на стандардни општи и специфични квалитативни и квантитативни индикатори за секој ОДУ согласно специфичните секторски надлежност
- Воведување задолжителна обврска за сите одделенија/сектори за систематско прибирање и анализа и размена на родово разделени податоци во областа на надлежност
- Воведени програми за континуирана едукација на администрацијата вклучена во стратешкото и годишното планирање на плановите и буџетите за родова

анализа, планирање и проценка на влијанието од перспектива на родовата еднаквост

- Законски утврдена обврска за повеќефазно ( нацрт –увид –одлука) носење одлуки за годишните планови на институциите и јавно објавување на деталните годишни буџетски барања ( национално и локално)
- Воведување обврска за објавување на месечни, квартални и годишни финансиските извештаи до ниво на потставка

Со оглед на важноста и обемот на реформите во оваа област, како и нивниот потенцијал за унапредување родовата еднаквост, предлозите се дадени како приоритетни насоки при планирањето на нормативните, организациските и други клучни мерки за подобрување на административниот капацитет и ефективноста на јавните финансии.

## Фундаментални права и медиуми

Да се дополнат следниве мерки:

- Донесени и усвоени измени на Законот за пекин на бременост
- Усвоен нов Закон за сречување и заштита од дискриминација
- Измени на кривично законодавство во насока на зајакнување на кривичен прогон на сторители на насилство врз жени и родово базирано насилство
- Усвоени буџетски алокации за имплементација на Националната стратегија за за еднаквост и недискриминација (2016-2020)
- Отворање на три кризни центри за жртви на силување и нов шелтер центар за жртви на сексуално вознемирување и насилство
- Донесување нова Стратегија за намалување на насилство во училишта
- Изготвување на Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини и Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите, пропишани во член 17 од од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 166/14 и 150/15)
- Изготвување на анализа за реформата на Јавниот радиодифузен сервис која ќе ги опфати следните прашања: какви програми треба да емитува за да ги исполни обврските од член 110 од ЗААВМУ и мисијата на јавен сервис, каков и колку кадар е потребен за тоа да се исполни, каква е потребата од обновување

на техничките средства, опремата, студијата и сл, колкави средства се потребни за целиот тој зафат.

- Развивање на листа на индикатори за следење на имплементација на Целите за одржлив развој на ОН
- Избрана професионална Комисија за заштита од дискриминација
- Суштественото следење на работата на КЗД од страна на Собранието
- Усвоен акциски план за имплементација на Истанбулска Конвенција
- Следење на имплементација на Акцискиот план за спроведување на Истанбулската конвенција и мерење на ефектите од спроведувањето